ПРАВИЛНИК
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА НАПРЕДУВАЊЕ ВО ЗВАЊЕ НАСТАВНИК-МЕНТОР, НАСТАВНИК-СОВЕТНИК, СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-МЕНТОР И СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-СОВЕТНИК

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за напредување во звање наставник-ментор, наставник-советник, стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник.

Член 2

Образецот на барањето од член 1 од овој правилник, се пополнува на електронската апликација на интернет страницата на Министерството за образование и наука.

Образецот од став 1 на овој член, ги содржи следниве податоци:

- име и презиме на подносителот на барање;
- училиште во кое работи и општина;
- работно место на кое е вработен на неопределено работно време;
- звање за кое аплицира;
- претходно стекнато звање;
- работно искуство;
- вид на стекнато образование;
- обуки, научно-стручни конференции, конгреси, симпозиуми, авторство, учество во активности за подобрување на наставата и награди и признанија;
- професионална пракса за стекнати компетенции.

За податоците од став 2 алинеите 3, 5, 6, 7, 8 и 9 на овој член, подносителот на барањето во електронската апликација на интернет страницата на Министерството за образование и наука приложува соодветни докази во електронска форма.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 18-4808/1
5 мај 2020 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
Арбер Адеми, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

1591.

Врз основа на член 235-в став (4) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 31/20) и член 65-б став (1) од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија" бр.88/05, 70/06, 81/08, 47/11, 135/11, 112/14, 145/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/19), а во врска со членот 47 став (1) од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 29.4.2020 година донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ

I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 2

Прекршочниот платен налог за сторител на прекршок, правно лице или физичко лице и одговорно лице во правното лице е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат со меморандум на Агенцијата за супервизија на осигурување.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог се дадени во прилогот, кој е составен дел на овој правилник.

II.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на „Службен весник на Република Северна Македонија".

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на прекршочниот платен налог („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.57/20).

Бр. 01-327/1
29 април 2020 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
Крсте Шајноски, с.р.

Прилог

Агенција за супервизија на осигурување
Број_____
Скопје, _____._____._____ година

Врз основа на член ..... од Законот ....., се издава

ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

1.ПОДАТОЦИ ЗА СТОРИТЕЛОТ НА ПРЕКРШОКОТ			
Име и презиме/назив на правното лице:			
ЕМБГ/ЕДБ			
Број на лична карта/патна исправа/држава:			
Адреса/седиште/државјанин:			
2.ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК			
Ден:	Час:	Место:	
Краток опис на прекршокот:			
Износ на утврдената глоба за правното лице	ЕУР во денарска противвредност		
Износ на утврдената глоба за одговорното лице во правното лице	ЕУР во денарска противвредност		
Износ на утврдената глоба за физичко лице	ЕУР во денарска противвредност		
Записник за сторениот прекршок:			
3.ПОДАТОЦИ ЗА СМЕТКАТА ЗА ПЛАКАЊЕ			
ПЛАЌАЊЕТО ГЛОБИ ЗА СТОРЕН ПРЕКРШОК СЕ ВРШИ НА ТРЕЗОРСКАТА СМЕТКА 100000000063095 — НА УПЛАТНАТА СМЕТКА 840-(ОПШТИНАТА КАДЕ СЕ УПЛАКА)-07342 И ПРИХОДНА ШИФРА 722140 И ПРОГРАМА 00, ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: УПЛАТА НА ГЛОБА			
ПРАВНА ПОУКА: Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Сторителот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до Агенцијата за супервизија на осигурување. Ако сторителот не ја плати глобата во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог, ќе биде поднесено барање за поведување прекршочна постапка.			
Против прекршочниот платен налог не е дозволена жалба.			

Сторител на прекршокот _____

Овластено лице _____

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.

ISSN 0354-1622
2020119